Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
Комисија за заштита на конкуренцијата
Komisioni për Mbrojtjen e Konkurrencës
Комисија за одлучување по прекршок
Komisioni për Vendimmarrje për Kundërvajtje
Скопје-Shkup
Примено: 25.02.2025
09-1/4

УПРК.бр.13/2024

ВО ИМЕТО НА ГРАЃАНИТЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

УПРАВНИОТ СУД во совет составен од судиите Ељмедине Асани како претседател на совет, Виолета Богојеска и Имсале Хасани како членови на советот, со записничар Снежана Стаменовска Христова - судски советник, одлучувајќи по тужбата на тужителот Друштво за производство, трговија и услуги АГРО ТРЕФ ДОО с.Долни Подлог - Кочани, поднесена преку полномошник Методи Поп Методиев адвокат од Штип, против Заклучокот на Комисијата за одлучување по прекршок при Комисијата за заштита на конкуренцијата ПП.бр.09-23/4 од 08.07.2024 година, за прекршок од заштита на конкуренцијата, по одржаната јавна расправа на ден 30.01.2025 година во присуство на полномошникот на тужителот Методи Поп Методиев адвокат од Штип, овластените претставници на тужениот орган Маја Стојманова Ристовска и Надица Четорошка - вработени во Комисијата за заштита на конкуренцијата, како и за заинтересираното лице, Комунално Јавно претпријатие Водовод, Ксенија Басовска и Јасминка Димова, двете вработени во ЈКП Водовод Кочани, на ден 06.02.2025 година ја донесе и јавно објави следната:

I
П Р Е С У Д А

Тужбата на тужителот Друштво за производство, трговија и услуги АГРО ТРЕФ ДОО с.Долни Подлог - Кочани, за поништување на Заклучокот на Комисијата за одлучување по прекршок при Комисијата за заштита на конкуренцијата ПП.бр.09-23/4 од 08.07.2024 година, СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАНА.

II
Р Е Ш Е Н И Е

Барањето на тужителот да се задолжи тужениот орган да му ги надомести трошоците во постапката по поведен управен спор, СЕ ОДБИВА.

Секоја странка да ги сноси своите трошоци во постапката.

О б р а з л о ж е н и е

Управниот спор е заведен со тужба на тужителот Друштво за производство, трговија и услуги АГРО ТРЕФ ДОО с.Долни Подлог - Кочани, за поништување на Заклучокот на Комисијата за одлучување по прекршок при Комисијата за заштита на конкуренцијата ПП.бр.09-23/4 од 08.07.2024 година, со кој неговото барање ПП.бр.09-43/1 од 21.12.2022 година поднесено против Комуналното јавно претпријатие „Водовод“ - Кочани, за утврдување на сторен прекршок од член 59 став 1 точка 1 од Законот за заштита на конкуренцијата, во врска со член 7 став 1 точка 1 од Законот за заштита на конкуренцијата и сторен прекршок од член 59 став 1 точка 2 од Законот за заштита на конкуренцијата, во врска со член 11 став 1 и став 2 точка 1 од Законот за заштита на конкуренцијата, се отфрла согласно член 37 став 2 точка 1 од Законот за заштита на конкуренцијата, од причини што не постојат законски услови за поведување на прекршочна постапка, бидејќи дејствието опишано во барањето не е прекршок.

Тужителот со тужбата го оспори Заклучокот на тужениот орган поради повреда на правилата на постапката, погрешно и нецелосно утврдена фактичка

состојба и погрешна примена на материјалното право, со предлог тужбата да се уважи, оспорениот заклучок да се поништи како незаконит и тужениот орган да се задолжи да му ги надомести трошоците сторени во управниот спор. Во тужбата се наведува дека во конкретниот случај ЈКП „Водовод“ - Кочани ја фиксира цената, односно искористувајќи ја својата доминантна позиција наметнува нефер продажна цена на геотермалната вода, а која цена е утврдена спротивно на одредбите од Законот за енергетика и која цена предизвикува дополнителни непредвидени трошоци за тужителот кои штетно влијаат на неговиот деловен потфат. Наведува дека ваквото зголемување на цената е спротивно на Законот за енергетика, со оглед на тоа дека во член 24 било предвидено дека Регулаторната комисија за енергетика во своите надлежности има право да донесува одлуки за цени и тарифи за регулирани енергетски дејности, па поради тоа смета дека со незаконитата одлука донесена од Управниот Одбор на ЈКП „Водовод“ – Кочани се користи доминантната позиција на претпријатието за да се наметне незаконита и превисока цена за водата која има потреба да ја користи тужителот за неговиот деловен потфат. Исто така наведува дека тужениот орган не ги ценел доказите приложени од тужителот, од кои можело да се утврди дека е исполнет условот од член 7 став 1 точка 1 од Законот за заштита на конкуренцијата, при тоа погрешно бил применет и член 11 став 5 од Законот за јавни претпријатија, од причина што цената на геотермалната вода мора да биде одобрена од страна на регулаторната комисија за енергетика, што не било случај во конкретниот предмет.

Тужениот орган ги достави списите од предметот и во одговор на тужба остана на наводите во оспореното решение, со предлог тужбата да се одбие како неоснована.

Судот во текот на постапката го вклучи и заинтересираното лице Комунално јавно претпријатие Кочани, кој во законски определениот рок до овој суд на ден 31.12.2024 година достави Одговор на тужба со предлог тужбата да се одбие како неоснована.Воедно појасни дека сега тужителот со сега заинтересираното лице има склучено повеќе договори за користење на услугите како што се наведени во самите договори и при тоа немал никаква забелешка во однос на истите. Цената на услугата била донесена од страна на УО на КЈП Водовод Кочани со Одлука бр.02-381/2 од 09.11.2022 година, која била потврдена со согласност-Заклучок за давање на согласност на одлуката на УО од страна на Советот на Општина Кочани бр.09-2207/1 од 04.11.2022 година, па оттука со оглед на тоа дека во смисла на член 1 став 1 и 2 и член 11 став 5 од Законот за јавните претпријатија, како и член 41 став 2 од Законот за локална самоуправа, општините како орган на локалната самоуправа се надлежни за вршење на комунални дејности и согласно законските надлежности Советот на Општина Кочани со Заклучок на ден 14.11.2022 година дала согласност на Одлуката на Управниот Одбор на КЈП Водовод Кочани за промена, односно за зголемување на цената на м3 геотермална вода, смета дека Општина Кочани има надлежност за давање на согласност на одлуките на КЈП Водовод Кочани и истото е регулирано во Законот за јавните претпријатија, поради што правилно било одлучено со сега оспорениот Заклучок.

Управниот суд утврди дека тужбата е изјавена во законски определениот рок, дека е дозволена и изјавена од овластено лице и откако оцени дека се исполнети условите за водење на управен спор, закажа и одржа јавна расправа на ден 30.01.2025 година.

Полномошникот на тужителот на јавната расправа истакна дека останува во целост кон наводите изнесени во тужбата, со предлог тужбеното барање да биде

усвоено во целост. Дополни дека од страна на Управниот одбор на ЈКП Водовод Кочани по однос на зголемувањето на цената на геотермалната вода се донесени две одлуки и тоа едната на 10.10.2022 година, другата на 09.11.2022 година со кои што одлуки е утврдена различна висина на цената на геотермалната вода по метар кубен, и во двете одлуки како основа за утврдување на висината на геотермалната вода се користи калкулација која што е изготвена од ЈКП Водовод Кочани, а која што калкулација е изготвена како што било наведено во самата калкулација врз основа на Законот за енергетика, во кој закон во член 4 под енергетски дејности биле наведени таксативно сите енергетски дејности, меѓутоа со овој закон кој бил во сила во моментот на донесувањето на одлуката геотермалната вода не била опфатена во член 4 и согласно тоа Регулаторната комисија за енеретика немала надлежност да дава согласност за одобрување на цената на геотермалната вода по метар кубен, што само по себе укажувало дека при изготвувањето на калкулацијата за утврдувањето на висината Јавното комунално претпријатије се повикувал на Закон за енергетика врз основа на кој не се утврдува висината на цената на геотермалната вода. Исто така наведува дека во самата одлука било наведено дека истата била утврдена врз основа на тарифникот Службен весник на РСМ 24/20 од 04.02.2020 година, во кој ниту биле дадени пресметки ниту методологија за пресметување на висината на геотермалната вода, туку во член 4 од истиот закон само бил утврден тарифникот за пресметка на концескиот надоместок кој што треба Јавното комунално претпријатије да го плаќа на државата, а не и висината на цената на еден метар кубен геотермална вода. Согласно сето наведено Јавното комунално претпријатије Водовод постапувајќи спротивно на погоренаведените законски одредби искористувајќи ја својата монополска позиција на пазарот и доминантна утврдила цена по сопствена желба, а не според критериуми и правилници и закони. Оттука смета дека со ваквото енормно покачување е доведено во прашаање опстанувањето на самата фирма од вакви монополски цени.

Претставникот на тужениот орган Маја Стојманова Христовска, истакна дека Комуналното јавно претпријатије Водовод Кочани има склучено Договор со тужителот за снадбување на количина на геотермална вода по кој што договор меѓу другите договорни права и обврски во член 7 од истиот договор е наведено дека единечната цена по метар кубен за геотермална вода изнесува 61,90 денари и дека оваа цена е утврдена со одлуката на Управниот одбор на општина Кочани која што има дадено согласност со Заклучок, а кое постапување било согласно Законот за јавните претпријатија, член 1 став 1 и 2 каде било предвидено дека советот на општината одлучува со мнозинство гласови од присутните членови ако со закон или со статут поинаку не е определено. Оттука Комисијата му предлага на Управниот суд Скопје да донесе пресуда со која што ќе ја одбие тужбата на тужителот АГРО ТРЕФ и ќе го потврди Заклучокот на Комисијата за одлучување по прекршок при Комисија за заштита на конкуренцијата.

Во реплика полномошникот на тужителот изјави дека согласно целото излагање на тужениот орган произлегло дека за истиот е битен само еден факт а тоа било дека одлуката била изгласана од страна на советот и била дадена согласност, а тужениот орган нема надлежност да навлегува во содржината на поднесеното Барање за поведување на прекршочната постапка, што само по себе било апсурдно.

Во реплика претставникот на тужениот орган Четорошка Навица, истакна дека КОП нема ингиренции да навлегува во работата на други државни органи во централизираната и децентрализирана власт, односно кога има регулиран пазар

Комуналното претпријатије постапува по согласност дадена од регулаторот, во овој случај Советот на Општината Кочани, кој ја има донесено својата одлука според член 37 став 2 точка од ЗЗК.

Претставникот на заинтересираното лице Басовска Ксенија, истакна дека останува кон писмениот одговор на тужба доставен до судот, како и доставените докази во прилог. Појасни дека во ситуација кога регулаторно тело, како Регулаторна комисија за енергетика и снадбување со геотермална вода, не е наведено во Законот за енергетика како енергетска дејност и не е регулирана дејност надлежен за донесување на цени на услугите на Комунално јавно претпријатије, во конкретниот случај е Управниот одбор како највисок орган за управувањето на претпријатијето, која оспорената одлука е донесена по Заклучок од страна на советот за утврдување на висината на цената, поради што ги оцени како паушални и неосновани тужбените наводи, што било потврдено и од самата изјава на полномошникот на тужителот дека регулаторната комисија за енергетика е таа што би требало да ја донесе и регулира цената. Истакна дека последна регулирана цена на Комуналното јавно претпријатије согласно Законот за енергетика е Одлука донесена во 2010 година за период од три години. Со донесувањето на Законот за енергетика од 2011 година снадбувањето со геотермална вода е изземено од енергетската дејност кое нешто било изјавено и од полномошникот на тужителот. Наведе дека системот со кој располага Сектор геотерма при КЈП Водовод Кочани не ги задоволува критериумите за да биде регулирана енергетска дејност добиена од регулаторна комисија, од кои причини заинтерсираното лице во конкретниот случај КЈП Водовод Кочани постапил на начин во правилна и законита форма почитувајќи ги одредбите од Законот за јавни претпријатија, Законот за локална самоуправа и донел одлука за утврдување на цената. Исто така наведе дека КЈП Водовод Кочани има дозвола за експлоатација издадена од Министерството за економија од 16.06.2014 година, склучено Договор за концесија за експлатација на минерална суровина и постапува на начин утврден во договорите и дозволата, има редовни инспекциски надзори, годишни од Државен инспекторат за технички инспекции заради утврдување на работењето на Геотерма, а повторно нагласува согласно Законот на минерални суровини бидејќи геотермалната вода е во категорија на минерална суровина за која е издадена врпрочем и самата дозвола. Оттука предлага на судот да го одбие тужбеното барање на тужителот со кое бара поништување на Заклучокот на КОП да се одбие како на закон неосновано, а Заклучокот да остане во сила.

Претставникот на заинтересираното лице Јасминка Димова, истакна дека останува во целост кон изјавите дадени од страна на КОП и претставникот на Комуналното јавно претпријатие. Појасни дека во самата калкулација била дадена ретроспектива дека цената на геотермалната вода е утврдена согласно Законот за енергетика и калкулативни елементи и дека оваа регулирана цена е донесена за периодот од 2010 до 2012 година, објавена во Службен весник број 12 од 28.01.2010 година истата изнесува 25,08 денари метар кубен која што била во примена и до денес. Поради зголемените параметри кој што влегуваат во цената на геотермалната вода наведе дека дошло до зголемување на надоместокот за концесија согласно тарифникот за изменување и дополнување за утврдувањена висината на надоместоците за издавање на дозволи и концесии објавена во Службен весник број 24 од 04.02.2020 година, кои смета дека се издржани со оглед дека 10 години цената на геотермалната вода не била променета, единствено било правено усогласување поради висината на концесискиот надоместок што е законска обврска на Комуналното јавно претпријатије согласно тарифникот да ја врши, поради што ги оцени како неоновани тужбените наводи.

Во реплика полномошникот на тужителот изјави дека и од излагањето на претставниците на ЈКП Водовод може да се утврди дека цената на геотермалната вода не е утврдена ни врз основа на Законот за енергетика, ни врз основа на тарифникот кој што енаведен во самата одлука туку е изработена врз основа на сопствените убедувања за висината на калкулативните трошоци.

Судот на одржаната јавна расправа ги дозволи и изведе следните докази: Заклучок на Комисија за заштита на конкуренцијата комисија за одлучување по прекршок ПП број 09-23/4 од 08.07.2024година, Одговор на тужба бр. 09-23/14 од 27.08.2024 година, со списи, Заклучок за поведување на прекршочна постапка број 09-23/8 од 08.07.2024 година на Комисија за заштита на конкуренцијата комисија за одлучување по прекршок, Заклучок на Комисија за заштита на конкуренцијата комисија за одлучување по прекршок ПП.број09-23/6 од 08.07.2024 година, дополнување на ургенција по барање за поведување на прекршочна постапка од 21.12.2022 година под број 09-23/3 од 05.06.2024 година, Калкулација за утврдување на цената на геотермална вода од 03.11.2022 година, споредбен преглед на калкулација на 23.09.2022 година и 03.11.2022 година, Извештај за финансиското работење во период од 01.01. до 30.09.2021 година на Комунално јавно претпријатие на водовод Кочани, звештај за финансиско работење во период од 01.01. до 31.03.2023 година од Комунално јавно претпријатије за водовод Кочани, Статут на Комунално јавно претпријатије водовод Кочани број 01-120/1 од 16.03.2020 година, Заклучок за давање согласност на Одлуката на управниот одбор на КЈП Водовод Кочани број 02-381/2 од 09.11.2022 година за промена-зголемување на цената на метар3 геотермална вода број 09-2207/1 од 14.11.2022 година, Калкулација за утврдување на цената на геотермална вода од 23.09.2022 година, Одлука за промена зголемување на цената на метар кубен геотермална вода од 09.11.2022 година, Тековна состојба број 0805-50/150020240198084 од 04.06.2024 година, Заклучок за давање согласност на одлуката на управниот одбор КЈП Водовод Кочани број 02-381/2 од 09.11.2022 година за промена зголемување на цената на метар куб геотермална вода број 09-2207/1 од 14.11.2022 година, дополнување на барање од 23.11.2023 година, Договор за снадбување со количина на геотермална вода под број 12-357/1 од 18.10.2023 година, Допис број 05-04/33 2023 од 08.06.2023 година до Советот на општина Кочани, Ургенција број 0926/1 од 26.04.2023 година, Допис број 05-04/36-2021 од 28.09.2022 година, допис ПП број 09-43 од 28.12.2022 година, допис број 09-43/2 од 22.12.2022 година, Договор за снадбување со количина на геотермална вода број12-402/2 од 30.11.2022 година, извештај за финансиско работење во период од 01.01. до 31.12.2022 година од Комунално јавно претпријатије за водовод Кочани, Статут на Комунално јавно претпријатије водовод Кочани број 01-120/1 од 16.03.2020 година, Барање за повеудвање на прекршочна постапка број 05-04/33/22 од 21.12.2022 година, Калкуалација за утврудвање на цената на геотермална вода од 23.09.2022 година, Споредбен преглед на калкулација 23.09.2022 година и 03.11.2022 година, Произнесување по предлог за потпишување на договор за снадбување со количина на геотермална вода од АГРО Трев ДОО село Долни Подлог Кочани, Калкулација од 03.11.2022 година, Договор за испорака на топлинска енергија склучен на ден 17.11.2016 година под брооj 11-443, Одговор на тужба даден од заинтересираното лице, со прилози Договор за снадбување со количина на геотермална склучен 2022 година, Договор за снадбување на геотермална вода склучен 20023 година, Заклучок број 09-2207/1 од 14.11.2022 година, Одлука број 02-381/2 од 19.11.2022 годиа, барање број 12-329/1 од 01.11.2024 година и тековна сосотјба од 17.09.2024 година кое се однесува за заинтересирано лице.

Во завршни зборови полномошникот на тужителот изјави дека останува во целост кон наводите изнесени во тужбата и наводите изнесени во текот на јавната расправа. Имено од сите изведени материјални докази и поготово од изјавите на претставниците на заинтересираното лице била утврдена основаноста на тужбеното барање, односно дека ЈКП Водовод Кочани донеле одлука за зголемување на цената на геотермалната вода без притоа да се има било каков правен акт во смисла на претходно утврдена калкулација или законска норма по која се пресметува цената на геотермалната вода. Наводите во одговорот на тужба дека тужителот склучил договор и притоа не приговарал на содржините биле само дотолку повеќе наводи што укажуваат на тоа дека истот не можел да приговара ниту пак да избегне ваков договор во услови кога ЈКП ја има монополската позиција во пазарот. Трошоци бара како оние наведени во тужбата, како и за присуство на едно рочиште во износ 9.100,00 денари со паушал од 30%.

Во завршни зборови претставникот на тужениот орган Маја Стојманова Христовска изјави дека Комисијата за одлучување по прекршок по однос на утврдување на искористувањето на монополската позиција од страна на КЈП Водовод Кочани, сеуште одлучува по ова барање на тужителот за утврдување на монополската позиција, што значи КОП сеуште нема утврдено дали Комуналното јавно претпријатије ја искористува својата доминантна позиција во пазарот. Исто така по однос на наводите на тужителот дека истиот нема друга алтернатива за загревање истакнува дека тужителот апсолутно имал други алтернативи за загревање и дека истиот доброволно го склучил договорот со комуналното јавно пртерпијатије и истиот бил запознаен и согласен со условите наведени во дговорот за користење на геотермална вода. Предлага тужбата да се одбие како неоснована и да се потврди заклучокот на Комисијата.

Во завршни зборови претставникот на заинтересираното лице Басовска Ксенија изјави дека останува кон писмениот Поднесок, одговорот на тужба и изнесеното на јавната расправа. Предлага судот тужбата да ја одбие како неоснована.

Управниот суд, постапувајќи по тужбата на тужителот, го испита оспореното решение согласно член 35 од Законот за управните спорови, па по оцена на наводите од тужбата, одговорот на тужба и наводите истакнати на јавната расправа, а врз основа на изведените докази, најде дека:

Тужбата е неоснована.

Од изведените докази е видно дека Друштвото за производство, трговија и услуги АГРО ТРЕФ ДОО с.Долни Подлог - Кочани на ден 21.12.2022 година до сега тужениот орган поднел Барање за поведување на прекршочна постапка ПП.бр.09-43/1 против Комуналното јавно претпријатие „Водовод" - Кочани, заради утврдување на сторен прекршок од член 59 став 1 точка 1 и 2 од Законот за заштита на конкуренцијата, во врска со член 7 став 1 точка 1 и член 11 став 1 и став 2 точка 1 од Законот за заштита на конкуренцијата. Ова од причина што Комуналното јавно претпријатие „Водовод" - Кочани на ден 30.11.2022 година до сега тужителот доставил Договор за снабдување со геотермална вода до Друштвото за производство, трговија и услуги АГРО ТРЕФ ДОО с.Долни Подлог – Кочани, каде членот 7, во кој е определена цената по м3 геотермална вода и надоместокот за фонд на води, е во спротивност на член 7 став 1 точка 1 и точка 2 од Законот за заштита на конкуренцијата, наведеното од причина што ЈКП „Водовод" - Кочани ја фиксира цената, односно искористувајќи ја својата доминантна позиција наметнува

нефер продажна цена на геотермалната вода, а која цена е утврдена спротивно на одредбите од Законот за енергетика со незаконски донесена одлука од Управниот одбор на КЈП Водовод Кочани и која цена штетно влијае на деловниот потфат на тужителот.

Подносителот на барањето на ден 22.12.2022 година, по електронски пат со допис ПП.бр.09-26/2, до Комисијата за одлучување по прекршок при Комисијата за заштита на конкуренција доставил дополнување на Барањето за поведување на прекршочна постапка ППбр.09-43/1 од 21.12.2022 година, со прилози со кои го поткрепува барањето за поведување на прекршочна постапка и тоа: Одлука на Управен одбор на Комуналното јавно претпријатие „Водовод“ - Кочани со бр.02-381/2, Договор за снабдување со геотермална вода склучен помеѓу Комуналното јавно претпријатие „Водовод“ - Кочани и Друштво за производство, трговија и услуги АГРО ТРЕФ ДОО с.Долни Подлог - Кочани од 30.11.2022 година и последно објавени финансиски извештаи на Комуналното јавно претпријатие „Водовод“ - Кочани за третото тромесечие од 2021 година.

На ден 26.04.2023 година, сега тужителот со електронска порака заведена под ПП.бр.09-26/1 го дополнува предметното барање со наводи дека зголемениот трошок за електрична енергија на КЈП Водовод Кочани за период април-ноември 2022 година за потребите на пумпите за испумпување на водата за пиење не бил признат како доволен за зголемување на цената на оваа регулирана дејност, односно Регулаторна Комисија за енергетика и водни услуги со Одлука се признела и не прифатила зголемување на цената на водата за пиење и дала препорака за рационализирање на трошоците внатре во претпријатието. Од месец декември, согласно Одлуката на Владата на РСМ комуналните претпријатија се на регулиран пазар за електрична енергија, однсоно дека и КЈП Водовод Кочани како комунално претпријатие од овој датум набавува електрична енергија по регулирана цена.

Дополнително на ден 23.11.2023 година Друштвото за производство, трговија и услуги АГРО ТРЕФ ДОО с.Долни Подлог - Кочани доставил дополнување на барањето за поведување на прекршочна постапка, во кое се наведува дека Комуналното јавно претпријатие „Водовод“ - Кочани повторно го има доставено истиот циркуларен образец како договор за грејната сезона 2023/2024 година, со исти одредби и цени користејќи ја својата монополска позиција на пазарот како единствен можен снабдувач со геотермална вода и во прилог се доставени: Допис од АГРО ТРЕФ ДОО до Советот на Општина Кочани, Извештај за финансиското работење на Комуналното јавно претпријатие „Водовод“ - Кочани за период од 01.01.2023 година до 31.03.2023 година и за период 01.01.2022 година до 31.12.2022 година и Статут на Комуналното јавно претпријатие „Водовод“ - Кочани бр.12-357/1 од 18.10.2023 година.

Друштвото за производство, трговија и услуги АГРО ТРЕФ ДОО с.Долни Подлог - Кочани на ден 29.05.2024 година со електронска порака ПП бр.09-23/1 доставил дополна на ургенција по барање за постапување по прекршочна пријава од 21.02.2022 година, во прилог на кое се доставени: Калкулација за утврдување на цената на геотермална вода од 03.11.2022 година, Извештај за финансиското работење на Комуналното јавно претпријатие „Водовод“ - Кочани за период од 01.01.2023 година до 31.03.2023 година, Калкулација за утврдување на цената на геотермална вода од 23.09.2022 година и Статут на Комуналното јавно претпријатие „Водовод“ - Кочани бр.01-120/1 од 16.03.2020 година.

На ден 05.06.2024 година со електронска порака ПП бр.09-23/2, Друштвото за производство, трговија и услуги АГРО ТРЕФ ДОО с.Долни Подлог - Кочани доставил дополнување на ургенција по барањето за поведување заведено под ППбр.09-23/2, со цел појаснување околу концесиските надоместоци и нивната регулација, а кои се дел од цената на геотермалната вода, а на ден 05.06.2024 година со електронска порака ПП бр.09-23/3 е доставено дополнување на ургенција по барање за поведување заведено под ППбр.09-23/3, со цел појаснување околу неоправдано покачување на цената на геотермалната вода од страна на Комуналното јавно претпријатие „Водовод“ - Кочани.

Постапувајќи по предметното барање ПП бр.09-43/1 од 21.12.2022 година, тужениот орган го донел сега оспорениот заклучок со кој се отфрла барањето согласно член 37 став 2 точка 1 од Законот за заштита на конкуренцијата, од причини што не постојат законски услови за поведување на прекршочна постапка, бидејќи дејствието опишано во барањето не е прекршок. Во образложение на решението се наведува дека во смисла на член 1 став 1 и 2 и член 11 став 5 од Законот за јавните претпријатија, како и член 41 став 2 од Законот за локална самоуправа, општините како орган на локалната самоуправа се надлежни за вршење на комунални дејности и согласно законските надлежности Советот на Општина Кочани со Заклучок на ден 14.11.2022 година дала согласност на Одлуката на Управниот Одбор на КЈП Водовод Кочани за промена, односно за зголемување на цената на м3 геотермална вода, што значи дека Општина Кочани има надлежност за давање на согласност на одлуките на КЈП Водовод Кочани и истото е регулирано во Законот за јавните претпријатија, поради што било одлучено како во диспозитивот на овој Заклучок.

Оценувајќи ја законитоста на оспорениот Заклучок, Судот најде дека постапката која претходела на оспорениот управен акт била спроведена согласно законот и дека одлуката е правилна и законита.

Согласно член 7 став 1 точка 1 од Законот за заштита на конкуренција (“Службен весник на РСМ” бр.145/2010...83/18), забранети се сите договори склучени меѓу претпријатија, одлуките на здруженијата на претпријатија и усогласеното однесување чија цел или последица е нарушување на конкуренцијата, а особено оние кои: 1) директно или индиректно ги фиксираат куповните или продажните цени или некои други услови за тргување.

Согласно член 11 став 1 и 2 од истиот закон, забранета е секоја злоупотреба на доминантната позиција од едно или повеќе претпријатија на релевантниот пазар или негов суштински дел. Злоупотребата од ставот (1) од овој член особено постои во случај на: 1) директно или индиректно наметнување на нефер куповни или продажни цени или други нефер услови на тргување;

Согласно член 30 став 1 од истиот закон, за прекршоците определени во овој закон, прекршочна постапка пред Комисијата за заштита на конкуренцијата води и прекршочна санкција изрекува Комисијата за одлучување по прекршок.

Согласно член 32 став 1 од истиот закон, прекршочна постапка пред Комисијата за одлучување по прекршок се поведува по службена должност, по барање на генералниот секретар на Комисијата за заштита на конкуренцијата или по барање на физичко или правно лице кое има легитимен интерес за утврдување на постоење на прекршок.

Согласно член 37 став 1 од истиот закон, ако Комисијата за одлучување по прекршок утврди дека не постојат законски услови за поведување постапка, барањето од член 34 од овој закон ќе го отфрли со заклучок. Согласно став 2 од истиот член, не постојат законски услови за поведување на постапка доколку: 1) дејствието опишано во барањето не е прекршок; 2) барањето го поднело лице кое нема легитимен интерес за утврдување на прекршок; 3) барањето не е поткрепено со докази; 4) настапила застареност на прекршочното гонење; 5)однесувањето кое е предмет на барањето не доведува до значително нарушување на конкуренцијата или 6) доколку не постои јавен интерес за водење на прекршочна постапка. Согласно став 3 од истиот член, против заклучокот за отфрлање на барањето од став (1) од овој член не може да се поднесе жалба. Против таквиот заклучок може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред судот надлежен за одлучување по управен спор во рок од 8 дена од денот на приемот на заклучокот. Согласно став 4 од истиот член, заклучокот од став (1) од овој член не мора да содржи оценка на секој навод содржан во барањето за поведување постапка, но мора да содржи јасно наведени причини за отфрлање на барањето.

Согласно член 59 од истиот закон, Комисијата за одлучување по прекршок, на претпријатието, односно здружението на претпријатија, со решение ќе му изрече глоба во износ до 10% од вредноста на вкупниот годишен приход остварен во последната деловна година, изразена во апсолутен и номинален износ за која претпријатието или здружението на претпријатија има составена годишна сметка ако:1) склучи забранет договор или на друг начин учествува во договор, одлука или усогласено однесување со кои се нарушува конкуренцијата во смисла на член 7 од овој закон;2) стори злоупотреба на доминантна позиција во смисла на член 11 од овој закон;3) не постапи по решение на Комисијата за заштита на конкуренцијата од член 51 од овој закон; 4) не постапи по решение на Комисијата за заштита на конкуренцијата од член 52 од овој закон;

Согласно член 1 од Законот за јавните претпријатија(„Службен весник на Република Македонија" број 38/96, 6/2002, 40/2003, 49/2006, 22/2007, 83/2009, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 275/19 и 89/2022), Јавни претпријатија можат да се основаат заради вршење на дејности од јавен интерес. Република Македонија, општините и градот Скопје можат да основаат јавни претпријатија во согласност со овој закон, со цел за вршење на дејности од јавен интерес на територијата на Република Македонија. Јавни претпријатија во име на Република Македонија основа Владата на Република Македонија, во име на општината советот на општината и во име на градот Скопје Советот на градот Скопје.

Согласно член 11 став 1 точка 5 од истиот закон, основачот на јавното претпријатие дава согласност на: Актот со кој се утврдуваат цените на производите и услугите што јавното претпријатие ги продава и врши за корисниците доколку таквите цени не се предмет на регулирање од страна на независно регулаторно тело;

Согласно член 41 став 2 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на Република Македонија" број05/2002), Советот одлучува со мнозинство гласови од присутните членови, ако со закон и со статут поинаку не е определено.

Од изведените докази, Судот најде дека по Барањето за поведување на прекршочна постапка ПП.бр.09-43/1 од 21.12.2022 година постапувал и Заклучокот ПП.бр.09-23/4 од 08.07.2024 година го донел надлежниот за тоа орган, согласно

член 30 став 1 и член 32 став 1 од Законот за заштита на конкуренција ("Сл.весник на РСМ" бр.145/2010... 83/18).

Според наоѓање на судот, тужениот орган оспорениот заклучок го донел во со закон утврдената и спроведена постапка, во смисла на одредбите од член 37 од Законот за заштита на конкуренција ("Сл.Весник на РСМ" бр.145/2010... 83/18), од причина што постапувајќи по Барањето за поведување на прекршочна постапка ПП.бр.09-43/1 од 21.12.2022 година и дополнувањата на истото со електронски пораки, врз основа на приложените докази е утврдено дека не постојат законски услови за поведување постапка, при што правилно и во согласност со член 88 од Законот за општата управна постапка („Сл.Весник на РСМ" бр.124/15), тужениот орган донел заклучок кој по својата изрека е јасно и конкретно определен, односно донел заклучок во кој се наведени доказите од кои се утврдените фактите и прописите кои биле применети.

Судот најде дека тужениот орган со оспорениот заклучок правилно и целосно ја утврдил фактичката состојба, која произлегува од доказите приложени со Барањето за поведување на прекршочна постапка ПП.бр.09-43/1 од 21.12.2022 година, како и дополнувањата со електронски пораки, од кои е утврдено дека дејствието опишано во барањето не е прекршок, од причина што видно од изведените докази сега тужителот со сега заинтересираното лице има склучено повеќе договори за користење на услугите, а цената на услугата била донесена од страна на УО на КЈП Водовод Кочани со Одлука бр.02-381/2 од 09.11.2022 година, која била потврдена со согласност-Заклучок за давање на согласност на одлуката на УО од страна на Советот на Општина Кочани бр.09-2207/1 од 04.11.2022 година, па оттука со оглед на тоа дека во смисла на член 1 став 1 и 2 и член 11 став 5 од Законот за јавните претпријатија, како и член 41 став 2 од Законот за локална самоуправа, општините како орган на локалната самоуправа се надлежни за вршење на комунални дејности и согласно законските надлежности Советот на Општина Кочани со Заклучок на ден 14.11.2022 година дала согласност на Одлуката на Управниот Одбор на КЈП Водовод Кочани за промена, односно за зголемување на цената на м3 геотермална вода, по мислење на судот правилна е оцената на тужениот орган дека Општина Кочани има надлежност за давање на согласност на одлуките на КЈП Водовод Кочани и истото е регулирано во Законот за јавните претпријатија, додека сега тужителот со потпишување на овие договори бил запознат и согласен со условите во договорот за користење на геотермална вода.

Врз основа на вака утврдената фактичка состојба, Судот оцени дека тужениот орган правилно го применил член 37 став 1 и став 2 точка 1 од Законот за заштита на конкуренција ("Службен весник на РСМ" бр.145/2010... 83/18), кога го донел оспорениот заклучок со кој се отфрла барањето за поведување на прекршочна постапка против Комуналното јавно претпријатие „Водовод" - Кочани ПП.бр.09-43/1 од 21.12.2022 година, од причини што за својата одлука, тужениот орган дал јасни, аргументирани и непротивречни причини, кои во целост како правилни ги прифаќа и овој суд.

Додека во однос на утврдување на искористување на монополската позиција од страна на КЈП Водовод Кочани, како што наведе тужениот орган на јавната расправа истото е сеуште во фаза на одлучување, односно сеуште тужениот орган нема одлучено по истото и нема утврдено дали сега заинтересираното лице ја искористува својата доминантна позиција на пазарот.

Имајќи го во предвид наведеното, Судот оцени дека тужбата е неоснована, а оспорениот заклучок е правилен и на закон заснован.

Судот ги ценеше наводите на тужителот но најде дека истите се неосновани и немаат влијание за поинакво одлучување во конкретниот случај, согласно претходно наведеното.

Со оглед на сето погоре изнесено, Судот утврди дека тужбата на тужителот е неоснована и одлучи како во изреката на пресудата, согласно член 59 став 1 од Законот за управни спорови („Сл.Весник на РСМ“ бр.96/19).

Барањето на тужителот за надомест на трошоците во постапката, судот го одби како неосновано, согласно одредбата од член 86 став 3 од Законот за управните спорови („Сл.Весник на РСМ“ бр.96/19), со која е предвидено доколку судот ја одбие тужбата, секоја странка да ги сноси своите трошоци во постапката.

Пресудено во Управен суд на 06.02.2025 година, под УПРК.бр.13/2024.

Записничар - судски советник
Снежана Стаменовска Христова

Претседател на совет-Судија
Ељмедине Асани

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа пресуда дозволена е жалба во рок од 15 дена од приемот преку овој Суд до Вишиот управен суд.

НАЛОГ ЗА ТАКСА: Се задолжува тужителот да плати такса за одлука во износ од 800,00 во рок од 15 дена од приемот на одлуката и тоа како примач Буџет на Република Северна Македонија, банка на примач НБРСМ, судски такси од правни лица сметка број 1000-000-000-630-95, Уплатна сметка: 840-182-03338, Приходна шифра: 72-22-11, Програма:00, во спротивно ќе се наплати присилно преку Управата за јавни приходи зголемена за 50%.

Пресудата да се достави на:
- тужителот преку полномошник
Методи Поп Методиев адвокат од Штип
- тужениот орган
- заинтересирано лице

Претседател на совет-Судија
Ељмедине Асани

МД/

Согласноста на преписот
со изворникот го потврдува
Судски службеник